**Известување за концентрација со која КК СЦ АИРБАГ ХОЛДИНГС Токио Јапонија стекнува единствена контрола над Сумишо Аирбаг Системс Цо., Лтд, Нагасаки Јапонија**

**(предмет бр. 08-122/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 19.08.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која КК СЦ АИРБАГ ХОЛДИНГС со седиште на Ниво 8, Јинбоцхо Тхрее Билдинг, 3-12-3, Канда Јинбоцхо, Цхијода-ку Токио 101-0051, Јапонија стекнува единствена контрола над Сумишо Аирбаг Системс Цо., Лтд, Нагасаки Јапонија со седиште на Схимомен Тсукинокаввацхо, Матсуура Нагасаки Префецтуре 859-4536 ЈП.

Аирбаг Холдингс е друштво со посебна намена. Активностите на Аирбаг Холдингс се ограничени на стекнување, чување и управување со хартии од вредност.

Аирбаг Холдингс нема никакви подружници, активности или приходи во Северна Македонија.

Сумишо Аирбаг Системс се занимава со производство и продажба на странични перничиња за воздушни перничиња (сечени перничиња, модул на воздушно перниче со странични завеси. Целното друштво е позиционирано како производител на ниво 2 во автомобилската индустрија).

Сумишо Аирбаг Системс нема регистрирани подружници или филијали во Северна Македонија но остварува приходи.

Предложената трансакција се однесува на пазарот за производство и продажба на перниче за воздушни перничиња со странични завеси.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување*.

26.08.2024 година
Скопје